**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

УП бр.1310-34
Бр.на постапка 52265
од 15.06.2023 година
Велес

Градоначалникот на Општина Велес, постапувајќи по барањето поднесено под УП број 1310-34 од 12.05.2023 година од страна на Друштво за производство, трговија и услуги ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕЊЕРИНГ Трајче ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, за одобрување на проектна програма, врз основа на член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/2020), член 58 и член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање(Службен весник на РСМ бр.225/2020 и 219/2021), го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува проектна програма со УП број 1310-34 и со број на постапка 52265 од 12.05.2023 година, изработена од Друштво за производство, трговија и услуги ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕЊЕРИНГ Трајче ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 (Фотонапонски панели за производство на ел.енергија кои се градат на земја) “Грохот 3” на дел од КП бр.10573/1 К.О. Велес, Општина Велес

### О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Подносителот Друштво за производство, трговија и услуги ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕЊЕРИНГ Трајче ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, поднесе барање за одобрување на проектна програма со број 03-105 од 12.05.2023 година, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 (Фотонапонски панели за производство на ел.енергија кои се градат на земја) “Грохот 3” на дел од КП бр.10573/1 К.О. Велес, Општина Велес. Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Барање за одобрување на Проектна програма со бр.03-105 од 12.05.2023 година,
2. Проектна програма со УП број 1310-34 и со број на постапка 52265 од 12.05.2023 година,
3. Графички прилог на проектната програма,
4. Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y44822 од Ноември 2022 година, издадени од Агенција за планирање на просторот.
5. Решение за услови за планирање на просторот со арх.бр.УП1-15 2299/2022 од 13.04.2023 година, издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение 08-2232/1 од 05.05.2023 година, по разгледување на приложената документација кон барањето и извршениот увид во истата, констатира дека барањето за одобрување на проектната програма е основано и е во согласност со член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање(Службен весник на РСМ бр.225/2020 и 219/2021), за што до Градоначалникот достави предлог за одобрување на проектната програма со бр. 1310-34 од 14.06.2023 година, во кое даде позитивно мислење и предлага истата да се одобри.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

Градоначалникот на Општина Велес врз основа на приложената документација кон барањето и предлогот за одобрување на Комисијата за урбанизам при Општина Велес, констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Правилникот за урбанистичко планирање и Законот за урбанистичко планирање (Службен Весник на РСМ бр.32/2020).

Врз основа на горенаведеното, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото, до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот. Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

Градоначалник
на Општина Велес

**Марко Колев**

Marko Kolev

Digitally signed by Marko Kolev
Date: 2023.06.19 12:51:12 +02'00'